


Мијаците како племе отсекогаш настојувале да ги задржат карактеристиките по кои ќе бидат препознатливи. Една од нив е и поседувањето на мијачкиот бајрак. Српскиот учен д-р Цвииќ запишал дека ниту едно друго население нема толку голема гордост и стремеж за самостојност како Мијаците. Мијакот отсекогаш се гордеел со своето име оригинално и самостојно, и со својот вроден интелект и мудрост да знае да ги чува придобивките, а со тоа да ги штити интересите на своето племе.

Бајракот е симбол на држава или на народ. Најчесто се употребува во војска. Под него обично се полага заклетва, па затоа и носителот, во случај на војна не смее да падне во непријателски раце. Во војна тој е знак за зборно место.

Бајракот кај Мијаците е голем и поставен на прат наречен сорок, долг повеќе од три метри. На врвот од овој прат има изрезбарен дрвен крст. Бајракот е поставен од крстот надолу до дрвеното јаболко кое е некаде во средината на пратот и не дозволува да се лизга.

Бајракот е сошиен од три долги платна: горното и долното се црвени, а средното бело. Платната завршуваат клинесто на чии врвови има кончени китки од иста боја.

На горното црвено платно има навезено: крст, како оној на врвот од пратот, двоглав орел и полумесечина. Двоглавиот орел е остаток од богомилските времиња и Византија, а полумесечината со ѕвезда е илирски симбол. За Илири во средновековието се сметале сите јужни Славјани, па и Мијаците.

А двоглавиот орел е средновековно обележје кое се среќава по многу наши цркви и манастири. Така, во манастирот Свети Јован Бигорски го има на две мермерни плочи. Се верува и претпоставува дека полумесечината била примена дури кога Мијаците ја признале турската власт. Приказната за тоа вели дека турскиот цар и не знаел дека Мијаците постојат како племе. Не знаел дури ни дебарскиот кадија се дотогаш, додека еден ден не ја изгубил својата омилена мазга. А таа залутала во непрегледните шуми на Бистра, по една од притоките на Радика. Луѓето на кадијата се вдале во чешлање на многувековните буки и дабови дрвја и притоа го откриле населбите на Мијаците кои се протегале по течението на Мала Река.

Кадијата Емил Хаџи (така се викал) му јавил на царот дека во царштината се уште има племиња за кои царот не знае. А царот, некој многу умен човек, наредил да се изврши попис и со главешината на племето да се склучи договор. А во него стои: Мијаците да ја признаат неговата власт, да пришијат на својот бајрак полумесечина, а царот ќе ги остави да живеат во мир. Така и било, се раскажува во приказната што ја препишав од материјалот што го забележал д-р Тома Смиљаниќ Брадина (во ракопис) и се чува во МАНУ. Брадина е роден во Тресонче на 13. 06. 1888 г. Во Франција ги завршил студиите по географија и во Клермон феран докторирал на тема „Нашите стари племиња Мијаци и Брсјаци“. Тој е прв доктор на науки во Македонија. Течно говорел шест јазици.

Во средината на бајракот се наоѓа бледо жолт крст окружен меѓу ИС-ХР што означува мијачка верба во Христа, и ознаката НИ-КА што значи победа. Кај некои знамиња во средината на белото платно е сошиено сонцето од Виргина.

На долното црвено платно се пришиени: копјаник, крст и лав. Бајракот не е произведуван сериски, па затоа и не е истоветен во сите детали. Тоа зависело од моќта на домаќинот што го нарачувал. Така побогатите на сорокот ставале крстови изработени во резба, со сребрени или пак златни опточувања итн.

Во научната литература е забележано дека бајракот на Мијаците е истоветен со еден бајрак што се чува во манастирот Хилендер на Света Гора. А добро е познато дека врската меѓу Мијаците и светогорските манастири особено манастирите Хилендер и Зограф постоела од дамнина. И дека селата Радостуш (сегашно Ростуше), Битуши, Аџиевци и Велебрдо биле дарувани на овие манастири.

За време на петвековното турско владеење, мијачкиот бајрак како да го загубил

племенското значење. Но, затоа овој симбол попримил други својства, други карактеристики. Да ги опишеме и нив.

Сега тој веќе не е белег на племето, ами белег на родот. Секое поголемо семејство, род, имало свој бајрак. Тој секогаш се чувал кај најстариот во родот. Во Лазорополе имало само неколку бајраци, кај многу познати семејства. Се ваделе само за време на свадби.

Бајракот го означува почетокот на свадбените обичаи во мијачката, а со тоа и во лазороската свадба.

Свадбата во Лазорополе трае неколку дена. Во сабота кај момчето, се поставува бајракот. Уште во зори, куќата на младоженецот е исполнета со роднини. Најзабележителен меѓу нив е стариот побратим и бајрактарот. Бајрактарот е најмлад зет за сестра или братучеда. Се` е подготвено (уште од вечерта) за редење на бајракот. Веќе е искитен со цвеќиња сорокот (врвот што завршува со дрвен крст кој е длаборез) и на кој е поставено мијачкото знаме.

Бајракот се поставува на еден агол од куќата на претходно подготвена и закована лепарушка на една греда од стреата. Стариот побратим објавува со неколку истрели од пушка дека бајракот е поставен. Тоа е на некој начин и официјална потврда дека започнала свадбата. Сето друго што се случувало пред ставањето на бајракот, биле само претсвадбени церемонии.

Ставањето на бајракот е проследено со многу убава песна. Еве ја нејзината содржина:

Пејет пиле на високи полесок,

будит моме здраво и весело:

„Стани моме да би не станало

по ридови с’лнце огреало.

По чардаци крстати бајраци,

по дворови китени сватови

по прикледи шарени ковчези

а пред кледи млада зетелина

и во кледи свршена девојка, и-и-и!“

Носител на бајракот за време на целата свадба е исклучиво бајрактарот. Кога се оди по невестата, се качува на оседлан коњ, го прима бајракот па го заглавува на едната узенгија, а со десната рака го држи цврсто.

Кога во неделата сватовите тргнуваат по невестата нив ги предводи бајрактарот. Тој вјава пред сватовите, а девојките му пеат:

Бајрактаре, селски главатаре,

бајрактаре царски азнатаре.

Ако пак некој сака да се мајтапи со него, тогаш ги тера девојките да пеат:

Бајрактаре, селски говедаре.

Бјрактарот како предводник на сватовите тргнува кон куќата на девојката надесно, водејќи притоа сметка и враќањето да биде пак надесно, по друг пат.

Селските првенци од сите мијачки села по потреба правеле исклучително важни собири на кои биле донесувани решенија. Најчесто велат дека ваквите средби се одржувале во Главино село, а подоцна кога ова село се раселило, во манастирот Свети Јован Бигорски. На еден таков собир што се одржал кон крајот на деветнаесеттиот век било решено едно многу значајно прашање од свадбените обичаи на Мијаците. Дотогаш кога се сретнувале сватови на две свадби никој не се тргал од патот да направи простор да поминат сватовите од другата свадба. Секој сакал да биде од горната страна на патот при преминувањето. Како победник. Често ваквите средби завршувале со тепачки. Затоа собирот решил: секогаш одењето на сватовите по невестата предводени од бајрактарот да биде десно во насока на „мијачки џеп“. А џеп во мијачката машка носија имало само ќепето (наречен пазуварка). Значи буквално оттогаш во свадбените обичаи кај Мијаците е воведена практиката сите кинисувања да бидат надесно. На овој начин сите свадбени поворки, само можат да се стасаат, никако и да се сретнат. А во Лазорополе особено за Илинден можело да се случи во ист ден да има и по дваесетина свадби.

Кога сватовите пристигнуваат во куќата на девојката, бајрактарот му го предава бајракот на таткото на девојката, кој го зема и става пак на високо за да може да се види од сите страни на селото. А по завршувањето на сите обичаи, откако девојката е качена на коњ поворката на чие чело е пак бајрактарот трга кон куќата на зетот.

Бајракот останува да се вие една недела по завршувањето на свадбените церемонии. А потоа повторно во зората се собира, здиплува и остава да ја чека наредната свадба.

Денес мијачкиот, а со тоа и лазорскиот бајрак го има само во Етнолошкиот музеј во Скопје во пет верзии. Голема благодарност кон господинот Јован Шурбановски, етнолог, што ми овозможи да ги видам и да ги сликам.

*Од книгата „Тешкото од Лазорополе“ од Блаже Смилевски, Скопје 2006 г.*

**Марко Китевски**